ХОТЕЛСКО УГОСТИТЕЛСКО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
"МАКЕДОНИЈАТУРИСТ" А.Д.
Бр. 02 - 1130/10
19. 04. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 57 и член 114 од Статутот на "Македонијатурист" АД Скопје, а во согласност со Член 22 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на "Македонијатурист" АД Скопје, на ден 19.04.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за измена на Статутот
на Хотелско угостителското акционерско друштво
МАКЕДОНИЈАТУРИСТ – Скопје

## Член 1

Членот 99 од Статутот се менува и истиот во пречистен текст гласи:

" Надзорниот одбор е составен од најмалку 3 члена. Најмалку еден член на Надзорниот одбор мора да биде државјанин на Република Македонија.

Членовите на Надзорниот одбор ги избира собранието на друштвото. За избор и отповикување на член на Надзорниот одбор се гласа јавно. Најмалку еден член на Надзорниот одбор е независен член. Во случај Надзорниот одбор да е составен од 4 или повеќе членови, најмалку една четвртина се независни членови на надзорниот одбор.

При изборот на членовите на Надзорниот одбор се назначува кои членови се избираат како независни членови на Надзорниот одбор.

Пред да се пристапи кон избор на член на Надзорниот одбор за секој кандидат, во писмена форма, мора да се објават податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има према друштвото."

Членот 101 од Статутот, се менува и истиот во пречистен текст гласи:

"Кога бројот на членовите на Надзорниот одбор Ќе се намали под три, Управниот одбор го свикува собранието на друштвото заради пополнување на составот на Надзорниот одбор.

Ако Управниот одбор не преземе дејства свикување на собранието, секое лице кое има правен интерес може да бара судот во вонпроцесна постапка да определи лице кое ќе го свика собранието заради избор на членови на Надзорниот одбор."

## Член 3

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да изготви пречистен текст на Статутот во кој што ќе ги внесе измените и дополнувањата извршени со оваа Одлука.



*Изработил: Мартин Мијовски, правник*

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на собрание,

______________________________